# Љубов во Рим

Сара Адамс

САКАМ КНИГИ

За баба ми, Бети. Камо среќа да можеш да ја прочиташ книгава, сигурно многу ќе ти се допаднеше Мејбел. Ми недостасуваш, ми недостасува твојата насмевка и ми недостасува твојот џемпер со Дедо Мраз.

„Родена сум со огромна потреба да примам љубов од други и со силна потреба да давам љубов на други“.

— Одри Хепберн

# Поглавје 1
## *Амелија*

*Ова е добро, така? И, јас сум добро, нели?*

Длабоко вдишувам и уште посилно ги стискам прстите околу воланот.

„Да, ма, Амелија, добро си. Всушност, фантастично си. Иста си како Одри Хепберн, си го зела во свои раце сопствениот живот, ииии... еве, си муабетиш сама со себе... така што, може и не си сосема добро, ама па, да речеме полудобро, со оглед на околностите“, велам додека мижуркам низ шофершајбната кон мрачниот пат пред мене. „Да, полудобро и не е така лошо“.

Само што, еве: насекаде е црна темнина, а колава ми испушта чудни звуци, мислиш некој фрлил метални пари во барабан од машина за перење алишта, која сега врти на центрифуга. Не се разбирам во автомобили, но сè си мислам дека една кола не би требало да испушта ваков звук. Мојата омилена малечка „Тојота Корола“ - автомобилот кој е со мене уште откако учев во средно, автомобилот во кој седев кога првпат на осумнаесет години слушнав како ја пуштаат мојата песна на радио, автомобилот што го возев кога пред десет години отидов во „Фантом рекордс“ и го потпишав договорот за снимање - полека се доближува до крајот на својот век. Не смее да умре; во нејзината ткаенина сè уште е врежана миризбата од моите стари штитници за колена од времето кога играв одбојка, и...

*Не, Сатано: не денес.*

Ја протривам командната табла, небаре сакам да го повикам духот скриен внатре, кој само чека да излезе и да ми исполни три желби. Но наместо да ми се исполнат желбите, сега ми се изгуби мобилниот сигнал. Музиката што ја стримував прекинува, а на „Гугл мапс“ повеќе го нема стрелчето кое би требало да ме изведе до крајот од овој пат, кој изгледа како создаден за сериски убијци.

Бљак, ова ми личи на почеток од некој хорор-филм, а во него јас сум девојката по која публиката во кино вика, „Не оди таму, ма, глупава!“ додека алчно се смешка со уста полна пуканки. Господе Боже, ова да не беше грешка? Изгледа сум си го оставила умот дома во Нешвил, сосе железната порта и безбедносниот систем околу куќата (мислиш живеам во Форт Нокс), и сосе Вил, мојот презгоден телохранител, кој стои на штрек пред куќата и спречува луѓе да не ми се прикрадуваат на имотот.

Претходно вечерва, мојата менаџерка Сузан, заедно со нејзината асистентка Клер, ме опсипаа со информации за мојот претстоен пренатрупан распоред во следните три седмици, пред да тргнеме на деветмесечна светска турнеја. Проблемот е што штотуку го одработев последниот ден од пренапорната тримесечна проба пред турнејата. Имено, во изминативе три месеци речиси секој ден се работеше на учење концертна кореографија и сценски распореди, на утврдување на листата нумери за изведба на сцена, на ригорозни физички вежби и на пробни изведби на песните, а за сето тоа време морав да се смешкам и да се преправам дека однатре не се чувствувам како да гнијам.

Немо седев додека Сузан зборуваше и зборуваше, додека со долгиот, вит, совршено маникиран прст бесконечно листаше преку екранот од „Ајпадот“ преполн настани во распоредот. Настани за кои требаше да сум многу возбудена што слушам. За кои требаше да сум почестена што ги имам! Но, некаде среде сето тоа зборување, едноставно... се исклучив. Гласот на Сузан во ушите ми се претвори во она *бла, бла, бла* како на Чарли Браун, и единствено

што слушав беше срцето кое ми биеше во ушите. Ми биеше гласно и болно. Апсолутно отрпнав. А, најмногу ме исплаши тоа што Сузан како дури и да не го забележа ова.

Ова ме тера да се запрашам дали можеби умеам добро да се преправам. Деновите ми минуваат вака: се насмевнувам наваму кон овој и кимам со главата - *Да, благодарам.* Се насмевнувам натаму кон оној и кимам со главата - *Да, се разбира дека го можам тоа.* Сузан ми дава сценарио што моите од тимот за односи со јавност претходно совршено го составиле, и јас го запомнувам. *Омилената боја ми е сина, речиси иста како фустанот на „Живанши“ што ќе го носам на доделувањето на „Греми“ наградите. Па, да, секако: голем дел од успехот ѝ го должам на мајка ми, која многу ме сака и многу ми е посветена. Не минува ден, а да не помислам колку сум неверојатно благословена што ја имам оваа кариера и моите фантастични обожаватели.*

*Учтиво, само учтиво, учтиво.*

Врела течност ми капе врз бедрото и сфаќам дека плачам. Не верувам дека е соодветно да плачам додека мислам на овие работи. Мислам, двапати имам освоено „Греми“, имам потпишано договор во вредност од деведесет милиони долари со врвна дискографска куќа, така што не би требало да плачам. Не заслужувам да се расплакувам. И, дефинитивно не треба да седам во мојот стар автомобил среде ноќ и да возам додека трескавично бегам од сè. Низ умот ми минуваат имињата на сите оние луѓе кои вака ќе ги оставам на цедило, како список кој се листа: едвај можам да го истрпам чувството на вина. *Никогаш* досега не ми се случило да не дојдам на закажано интервју. Мразам да разочарувам други луѓе или да се однесувам небаре моето време е подрагоцено од нивното. Кога ми почнуваше кариерата, се заколнав дека никогаш нема да се вообразам. Важно ми е да бидам пресретлива кон другите најмногу што се може - дури и ако тоа нешто ме повредува.

Но, вечерва кога заминуваше од средбата, Сузан кажа нешто што ме уништи. „Реј“, рече, бидејќи повеќе сака да ми се обраќа со сценското име, отколку со вистинското,

кое е Амелија, „изгледаш изморена. Вечерва убаво наспиј се, за утре да не бидеш отечена во лицето за фотографиите од зад сцената што ќе одат за интервјуто со *Вог*. Иако... гледам дека пак станува трендовски да изгледаш цел истоштен...“ Замислено се загледа во таванот, а јас делумно очекував лично Бог да ѝ испрати откровение во врска со моите подочници. „Е па, да: заборави што ти кажав! Ваква во лицето ќе поттикнеш сочувство кај обожавателите, а и малку медиумско зуење што ќе ѝ оди во прилог на твојата популарност“.

Се сврте и излезе, а нејзината асистентка Клер само кусо подзастана и колебливо ми фрли брз поглед, послеtelден, преку рамото. Зина како да ќе induced нешто, а јас се затекнав како очајнички се надевам дека ќе проговори. *Погледни ме, регистрирај ме, те молам.*

„Добра ноќ“, рече на крај, и излезе.

Потоа долго седев во една гласна тишина и се прашував како ли сум си дозволила да западнам во оваа ситуација. И, како да се извлечам од оваа школка што случајно сум ја создала? Од ова чувство на празнина кое почна да ме обзема од пред неколку години, а за кое се надевав дека ме фатило бидејќи ми се смачило од животниот стил на Лос Анџелес и ми треба промена. Се спакував и се преселив во Нешвил, Тенеси, каде и понатаму ќе можев да живеам во близина на музичката сцена, но нема да форсирам таков луксузен начин на живеење. Не ми успеа. Она чувство на празнина ме следеше насекаде.

За вакви прашања, некои луѓе се вртат кон своето семејство, некои кон своите пријатели, некои кон кристални топки за претскажување. А, јас се вртам кон единствената личност која никогаш не ме изневерила: кон Одри Хепберн. Вечерва замижав и поминав со прстот преку мојата ДВД збирка, филмови со Одри Хепберн (да: сè уште имам ДВД-плеер), како да играв „еци-пеци-пец“, за на крај прстот да ми заврши врз дискот со филмот *Празник во Рим*. Ми дојде чувство како пред катаклизма. Имено, во овој филм, Одри ја игра принцезата Ен, која се чувствувала

многу слично на ова моево досега - значи, сама и совладана од сите работи - и, во филмот бега во ноќта за да го истражува Рим. (Па, повеќе како да се тетерави низ ноќта, бидејќи нозете ѝ се преплетуваат од апчињата за спиење).

И наеднаш, ми светна: одговорот кој го барав. Морав да се тргнам од куќата, од Сузан, од моите обврски, од апсолутно сѐ, и да избегам во Рим. Само што, Италија е предалеку и не можам да заминам таму кога за три недели имам закажана турнеја, па се решив за најблискиот Рим што успеа да ми го даде „Гугл мапс“: *Рим, Кентаки*. Оддалечен точно два часа возење од мојата куќа, со многу убаво пансионче во срцето на гратчето, ако може му се верува на „Гугл“. Совршено место каде ќе се сместам и ќе го надминам овој слом.

И така, отидов во мојата гаража за три возила, поминав покрај другите две скапи возила кои ги имам, па ја симнав церадата од милото, старо количе што во последниве десет години го чувам тука стуткано и покриено. Го стартував моторот и заминав во потрага по Рим.

А, сега возам по некој морничав спореден пат и мислам дека полека ме напушта макар дел од онаа емоционална отрпнатост, бидејќи почнувам да сфаќам колку смешна ми била оваа идеја. Некаде одозгора од рајот, Одри со ореолот околу глава гледа надолу кон мене и одмавнува со главата. Фрлам поглед кон осветлениот екран од мојот телефон. Зборовите *нема сигнал* стојат како залепени преку делот од екранот каде обично цртичките ја покажуваат јачината на сигналот, и се колнам, тие зборови како да трепкаат кон мене. Ми се подбиваат. *Види колку лош избор си направила, еве ти шанса ти да бидеш следната сторија на* „Дејтлајн“.

Подголтнувам и си велам дека ќе ми биде сосема добро. Нема никаков проблем. Сѐ е под контрола. „Сега избриши тоа солзите и мавни го тој мрачен поглед од себе, Амелија, веднаш!“ гласно си велам бидејќи, со кого друг да зборува девојка кога е сама во кола среде ментален слом?

Ми треба мојава кола да продолжи да се движи уште едно десет минути, додека не излезам од овој спореден

пат од кој се вадам од памет, и после тоа да стасам до она гратче и до пансиончето во него. Потоа, среќно ќе му овозможам на моево количе достоинствено да приумре како што и заслужува - но, на место каде има улично осветлување, а се надевам, нема некој таму сериски убиец од ридиштава кој само чека да ми го фрли трупот во некој ендек.

Туку, еј, што се случува? Мојот автомобил создава еден нов звук, како да плука, и потскокнува... мислам, буквално *потскокнува*, мислиш ова се раните 2000-ти години и сум инсталирала хидраулика. Мислам, ми требаат само уште виолетови ротациони светла под возилото, и подготвена сум за патување низ времето!

*„Не, не, не“,* ја молам мојата кола. *„Немој сега да ми правиш вака!“*

Ама, ми прави.

Мојот автомобил сопира - цел тресејќи се, прилично недостоинствено - до патов каде прст пред око не се гледа. Трескавично се обидувам повторно да го стартувам моторот, ама не сака. Од него единствено слушам низа звуци како „клик-клик!“ Со дланките сѐ уште грчевито се држам за воланот додека се џарам низ шофершајбната кон неподвижната ноќ пред себе, и процесирам што ми се случува. Се обидов да сторам нешто сама, без да ми помага Сузан, да заминам на само *една* авантура во своја режија, и види како пропаднав уште првата вечер, уште не поминале ниту два часа. Ако ова не е нешто најпатетично што сте го слушнале, не знам што е. Да, секако: умеам да пеам на сцена пред илјадници души во публика, ама не умеам да сторам нешто толку едноставно, како да извозам до соседна сојузна држава.

Во овој момент не можам ништо да сторам, освен да седам внатре во мојот автомобил и да чекам до утре изутрина, додека да изгрее сонцето, за да можам јасно да гледам околу себе и да видам дали држи некој крвава пила накај мене или не; затоа, ја навалувам главата наназад на потпирачот за глава од седиштето и замижувам. Му дозволувам на чувството на пораженост да ме обземе.

Утре изутрина, ќе најдам начин да стапам во контакт со Сузан. Ќе ѝ побарам да ми прати кола и ќе се присилам да излезам од ова меланхолично расположение.

*Чук чук чук.*

Врескам и срипувам од седиштето, при што си го удирам темето од кровот. Гледам низ прозорецот и - ох не - некој стои надвор веднаш до мојата кола! Еве го, тоа е тоа. Ова е моментот кога ќе ме убијат и, откако вистинската сторија за мојата смрт ќе се емитува на *Е Вести од Холивуд*, ќе останам запаметена само по мојата смрт, која грозоморно се случила среде пченкарно поле.

„Сѐ ли е во ред? Ви треба помош?“ допира до мене придушениот глас на човекот до мојата кола. Ми вперува батериска светилка низ прозорецот со која привремено ме заслепува.

Ги кревам рацете до лице, не само за да си ги засолнам очите од светлината, туку и да му го попречам погледот кон мене, односно да не ме препознае. „Не треба, благодарам!“ се дерам низ затворениот прозорец додека срцето диво ми бие во градите. „Добро сум! Не ми... не ми треба помош!“ Дефинитивно не ми треба помош од некој непознат човек среде ноќ.

„Сигурно?“ вели, и сега конечно сфаќа дека ми ги гори очите со онаа батериска светилка, па ја трга настрана од моето лице. Додуша, гласот убаво му звучи, тоа му го признавам. Некако, истовремено длабок како татнеж, а нежен.

„Сигурно!“ велам ведро, бидејќи, можеби сѐ околу мене се распаѓа, но барем сѐ уште знам како да соберам сили да бидам љубезна. „Сѐ ми е под контрола!“ За секој случај, кревам еден палец во знак дека сѐ е океј.

„Изгледа колава ви се расипала“.

Не смеам да му го признаам тоа! Така всушност ќе му кажам дека беспомошно чекам да станам плен. *Исто така, и сигнал немам на телефонот! Сакате да излезам од колава за да можете полесно да ме грабнете, или позабавно ќе ви биде сам да го скршите прозорецов? Сами изберете си ја вашата авантура!*

„Ма, не, само ете... малку одмарам“. Напнато се насмевнувам и цело време го држам затскриено лицето, во надеж дека нема да сфати дека пред него, во скапанава „Корола“, седи сценски изведувач вреден милиони.

„Ви чади од моторот“. Ја вперува светлината од батериската светилка кон густиот облак чад кој излегува од под хаубата на мојот автомобил. Тоа никако не може да е добро.

„*А, тоа...* ова, да“, велам, најлежерно што можам. „Знае така понекогаш да прави“.

„Често вака ви се зачадува моторот од автомобилов?“

„М-хм“.

„Не ве слушам“.

„М-хм“, велам, погласно и посмело од претходно.

„Така“. Очигледно, не ми верува во приказнава. „Видете, мислам дека ќе мора да излезете. Не е безбедно да се седи во возило од кое чади“.

Ха! Така би сакал тој да биде, нели? Е па, колку сака нека му звучи пријатно гласот, нема теоретски шанси да излезам од колава.

„Не, фала“.

„Нема да ве убијам, ако тоа си мислевте“.

Подзинувам и се загледувам низ стаклото кон неговата темна силуета. „Зошто велите така? Сега навистина мислам дека ќе ме убиете“.

„Така и си мислев“, вели тој, а звучи изнервирано. „Што да сторам за да докажам дека не сум убиец?“

Го собирам челото и се подзамислувам. „Ништо. Нема начин на кој може да се докаже таква работа“.

Тивко мрмори нешто за себе и приоѓа до предниот дел од мојот автомобил, каде застанува пред фаровите. Сега можам поубаво да го видам, и еве, ќе речам *леле!* Странецов од шумата неспорно личи на некој Кен, ама Кен од дивината. Носи фармерки и обична бела маичка. Темнорусата коса му е потстрижена пократко од страните, а на темето има разиграни прамени. Силната вилица му ја прекрива неуредна кратка брада и, да ви кажам, многу убаво

се комбинира со оние широки рамена, со она вито тело и со бицепсите кои привлечно му набабруваат додека чука врз хаубата од мојот автомобил. И, целокупниот „уметнички впечаток“ што ми го остава е... некако груб, што прави да посакам да ми работеше климата во кола.

„Може ли однатре да ја поткренете хаубата, да проверам да не се запалило нешто?“

А, како да не. Извини, ама не. Секси или несекси, нема шанси да го отворам капакот од хаубата. А, што ако тој почне да... искрено, не знам ништо за автомобилите и немам поим што би можел да стори за да ја влоши ситуацијата, но сигурна сум дека сепак може да стори нешто.

„Фала, но не ми треба вашата помош! Ќе почекам до утре изутрина и ќе повикам влечна служба“, викам доволно гласно за да ме слушне и тој.

Прекрстува раце преку гради. „А, како ќе повикате влечна служба? Овде немаме сигнал за мобилен“.

Е па, тоа е тоа, бестрага: ме поби.

„Не грижете се вие за тоа, ќе се снајдам. А сега, вратете се од каде што сте дошле, каде и да ви е тоа“. Веројатно до некоја грмушка во близина каде ќе чека да срипа врз мене во мигот кога ќе излезам од моето безбедно возило. И, да: сфаќам дека се однесувам малку претерано параноично, ама кога си навикната на демначи кои се обидуваат да ја прескокнат оградата од ковано железо со порта околу твојата куќа, кои се преправаат дека се водоводџии за да ти поминат покрај обезбедувањето и/или ти праќаат прамени коса и те молат да го ставиш под перница навечер кога ќе си легнеш, обично кај тебе со време се создава чувство на параноја кон непознати луѓе. Токму затоа воопшто и НЕ ТРЕБАШЕ да излегувам сама од дома. Морам да прифатам дека повеќе јас не сум само *јас*, и така веројатно ќе остане.

Овој „Кен од дивината“ не си заминува. Се враќа до мојот прозорец и повторно се наведнува кон мене; со едната рака цврсто се потпрел над возачката врата и притоа ми покажува колку силен мускул има на рамото. „Не чини

кога моторот чади. Мора да излезете. Ветувам дека нема да ве повредам, но ќе бидете повредена ако автомобилот ви го зафатат пламени. Ви ветувам дека можете да имате доверба во мене".

„Така вели секој убиец... пред да убие некого".

„А што, вие имате запознаено доста убијци?"

*Поен за Кен од дивината.*

Се насмевнувам и се трудам да звучам најљубезно што можам. „Извинете, но... може ли просто да си заминете? Навистина, не сакам да сум неучтива, но... некако, нервозна сум од вас".

„Ќе излезете ли од колата ако си заминам?"

Кратко се смеам. „Дефинитивно, не сега! А и онака, од каде се појавивте вие?"

Човекот кима со главата кон другата страна од мојот автомобил и воопшто не звучи импресиониран кога вели, „Се наоѓате во мојот преден двор".

*Ох.*

Се вртам и, секако: гледам дека сум се паркирала во нечиј преден двор. Како што стојат работите, во *неговиот* преден двор. Онаа куќа онде ми измамува насмевка. Малечка. Бела фасада. Црни прозорски капаци. Две светла над влезната врата, на тремот една софичка на нишање. Пред куќата се простира голем двор. Изгледа како топол дом.

„Мислам дека веќе знам што ќе ми кажете", вели тој, „но, сакате ли да влезете и да повикате некого? Имам фиксен дома".

Од овој предлог прснувам во толку гласна смеа, што тој се сепнува. Леле Боже, колку неучтиво од моја страна. Го прочистувам грлото. „Се извинувам. Не, ви благодарам... но, не", велам, овој пат сум сериозна.

„Добро, штом така. Правете како сакате. Ако ви затреба нешто и ако заклучите дека не сум убиец, ќе бидам онде". Покажува кон куќата и повторно се исправува до полна височина. Го гледам додека поминува преку големиот преден двор и кога неговата сенка исчезнува внатре во куќата.

Откако човекот ја затвора зад себе влезната врата, се издишувам со олеснување и тонам во моето седиште: се напрегам да не се грижам дека од моторот уште ми чади, или дека овде е ептен топло, или дека сум гладна, или дека навистина ми се оди во тоалет по мала нужда, или колку разочарана ќе биде Сузан кога ќе сфати дека нема да дојдам на она интервју закажано за претпладнето.

Не сум добро. Дефинитивно неточно е дека *сè* е добро.

# Поглавје 2
# Ноа

Девојкана уште е надвор. Поминаа дваесет минути, а уште ни малку не ја подотворила вратата од нејзина страна. Признавам, скришно ја набљудувам од мојот прозорец, се однесувам како психопат за каков ме мисли. Колку да се знае, не сум психопат - иако, не сум сигурен дали во ситуацијава се брои и моево мислење. Сепак, малку се грижам дека девојката вечерва ќе настрада. Надвор е речиси 27 Целзиусови степени, а таа не дозволува никаква вентилација во колата. Ќе се задуши од топлина онаму.

*Што сака нека прави, не е мој проблем.*

Отсечно ги затворам ролетните и се тргам од прозорецот.

Потоа се враќам на истото место, и одново ги подотворам.

*Аман, жено, излези веќе од таа кола.*

Погледнувам кон ѕидниот часовник. Сега е *23:30 часот.* Набрзина Му се помолувам на Оној горе, кој и да е што ме слуша, за Мејбел да не се изнервира премногу сега, кога ќе ѝ ѕвонам за да ја разбудам. Го вртам нејзиниот број и мора да почекам додека ѕвони шестпати пред да ми одговори со гласот зарипнат од четириесет години пушење, а од кое неодамна се откажа. „Ало, кој е на телефон?“

„Мејбел, Ноа е на телефон“.

Кратко грövта. „Е, синко, што треба? Само што почнав да дремам на фотелјата, знаеш дека ме мачи несоница, така што, поарно ти е да ми ѕвониш со добра причина“.

Се насмевнувам. „Мејбел, верувај дека не би ти пречел во сонот за убавина, ако не беше итно“.

Се прави строга, но срцето ѝ е меко како памук. Мејбел и баба ми беа најдобри другарки - всушност, како сестри. А, бидејќи токму баба ми нè одгледа со моите сестри, и Мејбел отсекогаш се однесуваше кон нас како да сме ѝ семејство. Господ знае дека се однесуваме како роднини. Изгледаме различно: Мејбел е црна, а јас бел, но и на двајцата ни е заедничка одбивноста кон секој што ни се меша во работата. (А сепак, таа секогаш е и повеќе од среќна кога ми се меша мене.)

„Итно? Ноа, немој да ме нервираш сега: да не ти гори куќата, синко?“ Ме вика „синко“ уште откако бев во пелени, и така ме вика и денес, иако имам триесет и две години. Што не ми пречи: утешно ми е.

„Не, госпоѓо, ми требаш за да разговараш со една жена наместо мене“.

Се закашлува со неверување. „Со жена? Душо, убаво што слушам дека повторно си почнал да гледаш и да бараш, ама само затоа што си осамен среде ноќ, не значи дека овде имам цел список дами на брзо бирање, кои ќе ти...“

„Не“, цврсто велам уште пред од устата да ѝ излезе цела низа зборови за кои сум сигурен дека не сакам никогаш да ги изговори. „Жената се наоѓа во дворот пред куќа“.

Слушам како фотелјата чкрипи и ја замислувам Мејбел како нагло се исправува во седиштето. „Ноа, веднаш да ми кажеш: да не си пијан? Во ред е и ако си, не осудувам јас, тоа го знаеш. Некои од најдобрите молитви до златен Господ ги имам упатено откако сум минала цела ноќ во друштво со ‘Џек Даниелс’, но кога си пијан, ѕвони му на Џејмс или на некоја од сестрите, а не да ми ѕвониш ме...“

Ќе продолжи да зборува вака до бескрај ако не ја сопрам. „Мејбел, види: на една жена ѝ се расипала колата во дворот кај мене; ѝ чади од моторот, а таа не излегува од кола бидејќи се исплашила и мисли дека ќе ѝ сторам нешто лошо. Ми треба да ѝ се обратиш како мој посредник за

да ја наговориш да се тргне оттаму". Би ѕвонел кај некоја од сестрите, но секоја од нив дефинитивно ќе издрдори нешто непримерно, на пример колку време не сум спиел со жена, и потоа ќе ја прашаат онаа што седи во автомобил дали е во врска и слично. Дефинитивно ним нема да им ѕвонам. И, дефинитивно не ми е гајле дали е женана во врска или не.

„Ооо, е па злато, што не рече така? Ајде, излегувај пред куќа и дај ми да позборувам со кутрата девојка!" Во гласот ѝ слушам нишка возбуденост, но тоа не е возбуда што баш ја ценам или сакам да ја охрабрам. Сите од гратчево во последно време ми се качија на глава да му дадам уште една шанса на излегувањето на состаноци, но не сум заинтересиран. Сакам да ме баталат во врска со тоа и да ме остават да си живеам намира, ама тоа не е стил на луѓево. И сега, кога малку ќе размислам, не сум баш сигурен дека и Мејбел нема да издрдори нешто слично како она што би го рекле моите сестри.

Повторно ѕиркам низ ролетните и гледам како онаа жена жестоко се лади со дланка. Ако морам да повикам брза помош и да останам во болница цела ноќ без спиење со чуднава жена, затоа што си предизвикала срцев удар седејќи онака таму, се колнам дека никогаш повеќе нема да ја отворам влезната врата. Ми фали само уште една жена што ќе ми го растури животот, и потоа ќе ги забарикадирам сите прозорци на куќава и ќе станам пустиник кој се дере со безобразни зборови кога ќе му дојдат коледари на врата.

„Мејбел, да не ти паднало такво нешто на ум. Ова не е романтична работа, само не сакам онаа жена надвор да умре од жештина".

„М-хмм. Убава ли е?"

Се штипам за носната коска и замижувам; почнувам да се нервирам. „Надвор прст пред око не се гледа. Од каде да знам дали е убава или не?"

„Ама, ти се молам сега: те прашав нешто и чекам одговор".

Офкам. „Да“. Толку проклето убава. Ја погледнав само накратко кога ја осветлив со батериската светилка, но не можев да се воздржам да не погледнам двапати. Темната коса ѝ беше собрана во пунџа на темето, имаше убава насмевка, густи трепки и продорни сини очи. Чудното е што чувствувам како да сум ја сретнал некаде, иако никогаш досега не сум ѝ го видел автомобилот низ гратчево. Сигурно е едно од оние чудни дежа ви моменти.

„Е па, добро“, вели Мејбел и задоволно воздивнува. „Носи го телефонот за да се слушнам со нашава прекрасна убавица“.

„Мејбел...“ изговарам со предупредувачки тон додека ја отворам влезната врата и излегувам од куќата. А надвор, летната жештина веднаш ме напаѓа како да ме дави, што се чудам како на онаа жена ѝ успева да седи толку долго во колата со затворени прозорци и без клима внатре.

„Ајде, доста збориш сега! Не ти паѓа секој ден жена во скут вака, затоа да молчиш и да ѝ го однесеш телефонот да ја слушнам“. Ете што добивам од живеењето во Рим, Кентаки, така е речиси целиот мој живот. Соседите до денешен ден се однесуваат кон мене како да сум она момче што на времето трчаше низ гратчето со долната облека на себе, небаре е Супермен.

Ја оставам влезната врата подотворена за да не го скинам телефонскиот кабел и сосе телефонот се упатувам преку дворот, кон оној мал бел автомобил. Онаму е премногу мрачно за да ѝ го видам лицето без повторно да ѝ ја вперам батериската светилка, но ѝ ја гледам силуетата на лицето кога се врти во мој правец. Веднаш потоа, сосема го налегнува возачкото седиште на кое седи: сака да ме натера да мислам дека не е внатре. Одбивам да се насмевнам, иако глетката е пресмешна.

Ѝ тропам на прозорецот, а таа кратко вреска. *Многу нервозна нешто.*

„Еј...“ *Вие? Жено? Дамо, што моментално ми ја газиш тревата во дворот?* „Ова... повелете телефонот. На линија ми е една моја пријателка. Ќе зборува наместо мене, за да ви стане доволно безбедно да излезете од возилото“.

Дамата ја стиска рачката за исправување на седиштето, и тоа лета кога се исправува. Кратко крикнува и морам да се гризнам однатре преку образите за да не се насмеам. Со крупните очи ѕирка нагоре кон мене низ стаклото, и иако за жал не е доволно светло за да знам од каде, некако сум убеден дека ја познавам.

Се мурти. „Како одеднаш добивте сигнал?“

„Немам сигнал“. Го кревам телефонот во рака за да го види.

Погледот ѝ паѓа врз телефонот и почнува да се смее. „Што е тоа?!“

Од тоа како се џари во телефонот и слатко се смее, некој ќе помисли дека во рака држам некое ретко животно. „Најчесто го викаат телефон“.

„Да, но...“ Подзастанува и почнува повторно восхитено да се смее; звукот од смеата ме обвива како свежо ветре. „Да не го украдовте од историски музеј посветен на педесеттите години? Сега манекенката во син кариран фустан и соодветно ремче во коса, нема да крене кога маж ѝ ќе ѕвони да ѝ соопшти дека ќе доцни за вечера! Човече, па тој кабел сигурно е долг едно петнаесет метри!“

Ги стеснувам очите. „Ќе го спуштиш ли прозорецот или не, Сезнајна дрдорке?“

Крева веѓи. „Дали ти штотуку ме нарече... *Сезнајна дрдорка*?“

„Така е“. И, нема да се извинувам за тоа. Не ми е намерата да се спријателувам со неа или да ѝ овозможам да се чувствува удобно - освен тоа, тукуштo ми го навреди телефонот. Јас мојот телефон си го сакам: добар телефон е тоа.

Чудно, но преку лицето ѝ се разлева широка, преубава насмевка, и почнува да се смее. Од нејзината смеа желудникот ми се затега, а срцето бесно ми чука. И на двете им наредувам да замолчат веќе еднаш и да се однесуваат примерно. Нема да дозволам да ме допре уште една жена која е само на минување низ мојов град. Ноќеска ќе ѝ помогнам бидејќи (1) така е исправно да се постапи; (2) да не